РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 1407- 1561/1
01-02- 2019 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ОД ОБЛАСТА НА ГЕОДЕТСКИТЕ РАБОТИ ЗА 2019

## 1.ВОВЕД

Агенцијата за катастар на недвижности (во понатамошниот текст Агенцијата) покрај надзорот на работењето на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи организира и обука од областа на геодетските работи и издава серификати за посетеност на обуките согласно Годишната програма.

Заради успешна имплементација на прописите, Агенцијата ја подготви програмата за 2019 година во која се опфатени клучните теми од областа на геодезијата, законската регулатива, запознавањето со новите електронски системи и услуги од областа на Геодетско-катастарскиот информациски систем (ГКИС) и друго.

Во програмата посебен акцент ќе биде ставен на новините предвидени во Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности, како и подзаконските акти.

Програмата е изработена врз основа на претходно стекнатото искуство од одржаните обуки во текот на 2018 година и извршениот надзор над работењето на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи и има за цел зголемување на квалитетот на геодетските елаборати и поефикасна примена на законската материја.

Оваа програма се објавува на веб-страницата на Агенцијата (www.katastar.gov.mk) и ќе се применува од јануари 2019 година.

## 2. ВИДОВИ ОБУКИ И ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

Заради задоволување на потребите од обуки на овластените геодети, Агенцијата обезбеди услови да се реализираат следните видови на обуки:

1. Генерички
2. Специјализирани
3. Посебни обуки

### 2.1. Генерички обуки

Генерички обуки се обуки кои на овластениот геодет му обезбедуваат основни познавања од областа на законската регулатива која има влијание врз катастарот на недвижности како: Закон за катастар на недвижности, Закон за

градење, Закон за експропријација, Закон за земјоделското земјиште, Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, Закон за постапување со бесправно изградени објекти, Закон за градежно земјиште, Закон за просторно и урбанистичко планирање и други.

Модул 1: Новини во Законот за катастар на недвижности и подзаконските акти
Модул 2: Закон за просторно и урбанистичко планирање
Модул 3: Закон за градење и Закон за постапување со бесправно изградени објекти
Модул 4: Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост и Закон за градежно земјиште
Модул 5: Закон за експропријација, Закон за земјоделското земјиште, Закон за консолидација на земјоделско земјиште

## 2.2. Специјализирани обуки

Специјализираните обуки се обуки во кои се разработуваат специфични теми со цел унапредување на специфичните знаења и вештини на овластените геодети во извршување на нивните секојдневни работи.

Модул 1 : Основни геодетски работи
Модул 2: Картографија
Модул 3: Катастар на недвижности
Модул 4: Катастарски планови со посебен осврт на изработка на геодетски елаборати
Модул 5: Катастар на инфраструктурни објекти
Модул 6: Планови на инфраструктурни објекти со посебен осврт на изработка на геодетски елаборати
Модул 7: Премер
Модул 8: Геодетски работи за посебни намени
Модул 9: Електронски катастар, електронски шалтер
Модул 10: Графички регистар за улици и куќни броеви
Модул 11: НИПП
Модул 12: Тарифници

## 2.3. Посебни обуки

Под посебни обуки се подразбираат посебно структурирани обуки според специфичните барања на геодетската комора, при што се разработуваат одредени посложени прашања од геодетската област поврзана со нивното работење, како и новите трендови во обаста на геодезијата.

## 3. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ОБУКИ ЗА 2019 ГОДИНА

Обуките во организација на Агенцијата кои ќе се реализираат во текот на 2019 година се прикажани во следната табела.

| Тип на обука и модул | Наслов-тема | Квартал | Место на одржување |
|---|---|---|---|
| СО-М3 | Одговор на катастарски проблеми по поставени прашања | Q1 | Скопје |
| ГО-М1 | Новини во Законот за катастар на недвижности | Q2 | Скопје |
| ГО-М1 | Новини во подзаконските акти | Q3 | Велес |
| СО-М5 | Инфраструктурен катастар | Q4 | Скопје |
| | | | |
| ПО | НИПП | Q1 | Скопје |
| ПО | Нова картографска проекција | Q2 | Скопје |
| ПО | Воедначување на постапување по геодетските елаборати | Q3 | Скопје |
| ПО | Ажурирани геодетски подлоги | Q4 | Скопје |

Генерички обуки - ГО
Специјализирани обуки - СО
Посебни обуки - ПО
Модул - М

Дополнување или изменување на Годишниот план за обуки за 2019 година донесува Агенцијата, на предлог од Комората на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи (Геодетска комора).

## 4. ВРЕДНУВАЊЕ НА ОБУКИ

Овластениот геодет на годишно ниво треба да посетува по 30 часа годишна континуирана обука од областа на геодетските работи извршена од страна на Агенцијата, од кои најмалку 20 часа обуки сврзани со катастарот на недвижности.

Часовите за обуките наведени во табеларниот приказ од точка 3 изнесуваат 7.5 часа по обука.

5.ФИНАНСИРАЊЕ

Наведените активности во Годишната програма за обуки ќе се финансираат од средствата на Агенцијата обезбедени од самофинансирање, во висина од 300.000,00 денари од програма 20– Катастар на недвижности и програма К2- Стручно оспособување и усовршување.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на веб страницата на Агенцијата.

ДИРЕКТОР

м-р Борис Тунџев